# СОСТОЈБА СО ГРИП ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, СЕЗОНА 2025/2026 (52- недела, до 28.12.2025)

## *Неделни податоци*

Во текот на **52-та недела** од 2025 година (22-28.12.2025), во Република Северна Македонија се пријавени **771 (I=42/100.000)** случаи на групни пријави за заболени од грип/заболувања слични на грип, 2,5 пати повеќе во споредба со претходната недела (n=314).

Бројот на пријавени лица оваа недела споредено со 52-та недела од минатата сезона (n=225) е зголемен за 3,4 пати, а во споредба со бројот за 52-та недела од типичната епидемиска крива (моделирана од последните 15 сезони) (n=587), зголемен е за 31,4% *(Графикон 1)*.

Оваа недела за првпат во сезоната е надминат прагот на вонсезонска активност (I=22,03/100.000) и се бележи сезонска активност на грипот на национално ниво *(Графикон 1)*.

***Графикон 1.*** *Нивоа на интензитет и неделна дистрибуција на заболените од грип/заболувања слични на грип според очекувана епидемиска крива 2010-2025, сезона 2024/2025 и сезона 2025/2026*




Во однос на возрасната дистрибуција, 455 лица се на возраст од 15-64 години, 175 кај деца на возраст од 5-14 години, 73 кај деца на возраст од 0-4 години и 68 се регистрирани кај лица на возраст над 65 години. Највисока инциденца (81,5/100.000) се регистрира кај децата на возраст од 5-14 години.

Заболените лица се пријавени од 23 ЦЈЗ/ПЕ: Скопје – 194, Тетово – 170, Велес – 106, Гостивар – 50, Куманово – 39, Штип – 32, Охрид – 27, Дебар – 24, Битола – 18, Струмица – 17, Кавадарци – 12, Прилеп и Македонски Брод по 11 заболени, Ресен 10. Во Кичево, Гевгелија, Неготино, Св.Николе, Виница, Струга, Крушево, Пробиштип и Радовиш бројот на заболени е помал од 10.

Во 7 извештајни единици кои пријавија случаи во текот на оваа недела се регистрира многу ниска, во 12 сезонска, во 4 единици (Велес, Дебар, Македонски Брод и Тетово) средна сезонска активност *(Картограм 1)*.

***Картограм 1.*** *Ниво на активност на грип според инциденца на 100.000 жители, 52 недела 2025*




## Вирусолошки надзор

Во текот на 52-та извештајна недела, во вирусолошката лабораторија на ИЈЗ РСМ, пристигнаа 77 материјали од рутинскиот и САРИ надзорот за лабораториско тестирање, паралелно тестирани за Influenza, SARS-CoV-2 и/или RSV.

Од вкупно тестираните материјали, детектирани се 14 позитивни случаи на грип, 10 Influenza A(H3) и 4 Influenza A - несубтипизиран. Дополнително, детектирани се два случаи на RSV, по еден случај на RSV тип А и RSV тип B. Нема докажани SARS-CoV-2 позитивни лица.

## ЕПИДЕМИОЛОШКИ НАДЗОР - Кумулативни податоци

**Во сезоната 2025/2026** вкупниот број на случаи на грип/заболувања слични на грип изнесува **2.100 (I=114,3/100.000)**.

Во споредба со истиот период од минатата сезона (n=1024), бројот на пријавени случаи е двојно зголемен (2,05 пати) а во однос на моделот од последните 15 сезони (n=1.929) се регистрира зголемување од 8,9%.

Кумулативно, заболените се пријавени од дваесет и пет ЦЈЗ/ПЕ. Најголем број на заболени лица (n=350) се регистрира на територијата на Тетово, додека највисока кумулативна инциденца (I=801,1/100.000) е регистрирана на територијата на Македонски Брод (n=81). *(Табела 1 во Прилог)*

Во однос на дистрибуцијата на заболените по возрасни групи, најголем број на заболени се пријавени во возрасната група која опфаќа најголем дел од населението (од 15-64 години) – 1.411 случаи (67,2%), а највисока инциденца (149,2/100.000) се регистрира во возрасната група од 0-4 години. *(Табела 1 во Прилог)*

Дистрибуција на случаите од сезонски грип/заболувања слични на грип по месеци *(Табела 1 во Прилог)*:

- октомври – 338 случаи или 16,1%
- ноември – 438 случаи или 20,9%
- декември (до 28.12.2025) – 1324 случаи или 63,0 %

Во досегашниот тек на сезоната на грип, не се регистрирани починати лица асоцирани со грип.

## ВИРУСОЛОШКИ НАДЗОР - Кумулативни податоци

Од почетокот на сезоната 2025/2026, заклучно со 52-та недела, во вирусолошката лабораторија на ИЈЗ РСМ пристигнати се 370 материјали од здравствените установи - од амбулантски и болнички лекувани пациенти за тестирање за присуство на вирусот на грип, од рутинскиот надзор. Сите пристигнати материјали се паралелно тестирани за Influenza, SARS-CoV-2 и/или RSV.

Од вкупно тестираните материјали, регистрирани се 26 позитивни резултати за грип, од кои 16 Influenza A(H3), 5 Influenza A(H1)pdm09 и 5 Influenza A - несубтипизиран.
Дополнително, детектирани се 5 позитивни резултати за SARS-CoV-2 и 10 позитивни на RSV (RSV несуптипизиран – 1, RSV-A - 3 и RSV-B – 6).

## ЕПИДЕМИОЛОШКИ КОМЕНТАР

**Се забележува значително зголемување на бројот и инциденцата на заболувања слични на грип на неделно ниво. Во текот на 52-та недела од 2025 година, за првпат во сезоната е регистрирана сезонска активност на грипот на национално ниво. Бројот на пријавени случаи е зголемен во споредба со претходната недела, како и во однос на истиот период од минатата сезона и очекуваната епидемиска крива.**

**Заболените се пријавени од поголем број извештајни единици, при што во дел од нив е регистрирана сезонска активност, што укажува на регионално ширење на вирусот на грип. Највисока инциденца на неделно ниво се регистрира кај децата на возраст од 5-14 години.**

**Во досегашниот тек на сезоната не се регистрирани смртни случаи асоцирани со грип. Согласно добиените податоци, активноста на вирусот на грип има регионална распространетост со очекување на понатамошно зголемување на активноста во наредниот период.**

## ОПШТИ МЕРКИ НА ПРЕВЕНЦИЈА

*Извор: https://sezonskigrip.mk/

Општите мерки за заштита од грип се насочени кон сите акутни респираторни заболувања и може да се од голема корист, особено ако се применуваат во текот на целиот зимски период:

- Да се избегнува собирање и престој во простории каде престојуваат повеќе луѓе, особено да се избегнува близок контакт со луѓе кои се болни или сомнителни – кашлаат, киваат, имаат покачена телесна температура.
- Често да се мијат рацете со вода и сапун или дезинфекционо средство.
- Да се загреваат просториите за престој и често да се проветруваат.

- Препорачливо е топло, слоевито облекување, топли бањи.
- Да се пијат топли напитоци (чаеви и супи), овошни цедени сокови, вода со лимон.
- Да се земаат свежи продукти богати со витамини и минерали, најдобро овошје и зеленчук кои му се неопходни на организмот. Особено се пожелни продукти богати со витамин Ц (цитрони, лимони, портокали). Доколку не се располага секогаш со свежи прехрамбени продукти, може да се користат и мултивитамински напитоци и препарати.
- Практикување здрав начин на живот и навики, вклучително добар сон и одмор, здрава храна, одржувајте физичка и психичка активност, намалете го стресот.

Силниот имунитет ќе ви помогне да останете здрави или полесно да се справите со грипот и заболувањата слични на грип. Сепак, дури и да сте совршено здрави и да имате силен имунитет, може да заболите од грип или заболување слично на грип.

**Што доколку се разболите од грип?**

Следете ги следните препораки:

- Останете дома и не одете на работа, во училиште или на места каде има многу луѓе.
- Одморајте се и земајте многу течности и лесна храна.
- Избегнувајте блиски контакти со лицата со кои живеете, не примајте посети додека сте болни.
- Покријте го носот и устата со шамивче при кашлање и кивање. По употреба, фрлете ги во корпа за отпадоци.
- Носете заштитна маска кога контактирате со своите блиски во домот, кога кашлате и кивате.
- Практикувајте често и темелно миење на раце со топла вода и сапун.
- Користете влажни марамчиња кои содржат алкохол или средство за дезинфекција на рацете.
- Избегнувајте допирање на очите, носот и устата со раце.
- Често проветрувајте ја просторијата каде престојувате додека сте болни.
- Одржувајте ја чиста вашата околина – предмети, површини со средства за хигиена на домот.
- Ако сте над 65 години или имате хронични заболувања, или доколку симптомите на болеста се влошуваат или траат повеќе денови – побарајте лекарска помош.

## ВАКЦИНАЦИЈА ПРОТИВ ГРИП

**Вакцинацијата против сезонски грип е најефикасна заштита од ова заболување.** Институтот за јавно здравје препорачува вакцинација на целото население, особено на лица кои припаѓаат на т.н. ризични групи (согласно препораките на СЗО):

- Постарите лица (над 65 години)
- Деца на возраст од 6-59 месеци
- Лица постари од 6 месеци со хронични болести
- Бремени жени, и
- Здравствени работници.

- За сезоната 2025/2026, Министерството за здравство обезбеди бесплатна четиривалентна вакцина во вкупна количина од 80.000 дози, наменета за приоритетни групи население.
  Вакцинацијата започна на 16.10.2025 година и се спроведува во Центрите за јавно здравје (ЦЈЗ) со нивните Подрачни единици (ПЕ) и/или Здравствените домови. Вакцинацијата на здравствените работници во Скопје се спроведува во Институтот за јавно здравје.

Според податоците од Управата за електронско здравство, од почетокот на вакцинацијата, а заклучно со затворањето на овој извештај, вакцинирани се вкупно 77.101 лица од ризичните категории на населението со бесплатни вакцини.

Дополнителни 2.400 дози комерцијални вакцини се набавени од страна на Центрите за јавно здравје, како вакцини за останатото население кое не спаѓа во горенаведените групи. Истите можат да се добијат за одреден финансиски надомест а вакцинацијата се спроведува во Центрите за јавно здравје со нивните Подрачни единици.
Според податоците од Управата за електронско здравство, со комерцијални вакцини се вакцинирани вкупно 1.810 лица.

**Заклучно со 51-ва недела, во Р.С. Македонија, вакцинирани се вкупно 78.877 лица со бесплатна или комерцијална вакцина.**

## ЕВРОПСКИ РЕГИОН

*Извор: https://erviss.org/

Согласно извештајот на ERVISS објавен за 50-та недела 2025 година (последен ажуриран) за активноста на вирусот на грип низ Европскиот регион на СЗО:

- Стапките на заболувања слични на грип (ИЛИ) и/или акутни респираторни инфекции (АРИ) се зголемени над базичните нивоа во 24 од 32 земји од Европскиот регион на СЗО.
- Сите индикатори за активноста на грипот продолжуваат да растат низ Европскиот регион, при што поголемиот дел од земјите пријавуваат зголемен интензитет, зголемен број на детекции и повисок процент на позитивност. Процентот на позитивност за грип во сентинел надзорот е највисок кај децата на возраст од 5 до 14 години. Болничките приеми поради грип исто така продолжуваат да се зголемуваат, при што најголем удел имаат лицата на возраст од 65 години и постари. Influenza A(H3) останува доминантниот циркулирачки вирус.
- Регионалните индикатори за активноста на SARS-CoV-2 продолжуваат да опаѓаат.
- Детекциите на RSV и процентот на позитивност продолжуваат да се зголемуваат на регионално ниво, со највисок удел кај децата помлади од 5 години.

***Оддел за епидемиологија на заразни болести***
***Институт за јавно здравје***